Јавна Општинска Установа - Детска Градина "11 ОКТОМВРИ" Бутел, Скопје

РАКА ЗА РАКА
ДО УСПЕХ БЕЗ МАКА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# 2018 / 2019

Доставено до :

Министерство за труд и социјална политика
Министерство за труд и социјална политика-подрачна
Биро за развој на образованието
Архива

ЈОУДГ „11 ОКТОМВРИ“- СКОПЈЕ

______________________________

( В.Д. Д и р е к т о р )

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | Мисија, Визија, Цели ........................................................................ | 2 |
| | Вовед .................................................................................................. | 4 |
| 1. | Појдовни основи за конципирање на Годишната програма ...... | 5 |
| 2. | Просторни услови и опременост на објектите............................ | 6 |
| 3. | Услови за работа и организациона поставеност по Р.Е.............. | 11 |
| 4. | Здравствена заштита на децата .................................................. | 17 |
| 5. | Играта, како основна активност во градинката........................... | 19 |
| 6. | Организација на Работата............................................................. | 21 |
| 7. | Планирање на воспитно-образовната работа ............................. | 24 |
| 8. | Специјализирани Програми...................................................... | 27 |
| 9. | Интеграција на деца со потешкотии во развојот и посебни потреби.................................................................................. | 29 |
| 10. | Програма за Јавни манифестации ............................................... | 31 |
| 11. | Еколошко Воспитание ................................................................... | 36 |
| 12. | Соработка со општествената средина (Родители. Основни Училишта, Стручни лица и институции)...................................... | 46 |
| 13. | Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар............. | 50 |
| 14. | Годишна програма за работа на Директорот ............................. | 56 |
| 15. | Годишна програма за работа на Педагогот ................................ | 65 |
| 16. | Годишна програма за работа на Психологот .............................. | 70 |
| 17. | Годишна програма за работа на Логопедот ............................... | 74 |
| 18. | Годишна програма за работа н стручните соработници по Физичко и Музичко образование ................................................ | 79 |
| 19. | Тековно инвестиционо одржување ............................................. | 82 |

**1** СОНЦЕ
**1**МЕСЕЧИНА

**О**КОЛУ НАС ДЕЧИЊА
**К**АКО ЗВЕЗДИТЕ НА НЕБОТО
**Т**АКА РАЗИГРАНИ БЛЕСКАВИ
**О**Д СИТЕ ЕТНИКУМИ ЗБРАНИ
**М**НОГУ РАЗЛИЧНИ А СЕПАК ИСТИ
**В** РЕДНИ И РАБОТЛИВИ
**Р** АДОСНИ И СРЕЌНИ
**И**ГРААТ И ПЕАТ, РАСТАТ И СЕ СМЕАТ.

**МИСИЈА**

ЈОУДГ "11 Октомври"– Скопје е градинка во која основни вредности се почитување на детските права и интереси, тимска работа и соработка, како и негување на партнерски однос со родителите, а во насока на достигнување на оптимален максимум во севкупниот детски развој, ослободени од секаква дискриминација и овзможувајќи им среќен и безгрижен престој во социо-културни рамки.

**ВИЗИЈА**

Отворена, модерна и ЕКО градинка во која и понатаму во преден план ќе бидат детските права и интереси.Создавање на безбедна, дисциплинирана средина, со најповолни услови за престој и работа. Во иднина ќе се стремиме да имамеуште повеќе оспособени кадри, подготвени да одговорат на современите професионалнипредизвици со цел да ја подигнат детската градинка на повисоко ниво, сокритичко размислување и активен и одговорен однос кон себе и кон средината.

Ќе се стремиме да создадеме позитивна клима за работа и стимулативна средина за развој и учење на секое дете.

**ЦЕЛИ**

Мисијата и визијата би биле остварени преку постигнување на следните Цели:

- Поставување на градинката на основа на високопрофесионална деловна организација
- Постигнување на висок квалитет на работа
- Обезбедување на врвни услови за изведување на сите предвидени активности
- Обезбедување на неопходни средства преку најразлични промоции и спонзорства
- Комплетно уредување на дворната површина на секој клон на градинката, за истата да биде безбедна и комфорна средина за игра (заштитна ограда, тревна површина, клупи, спортски реквизити)
- Посета на најразлични семинари, за стручен и професионален развој
- Остварување на соработка помеѓу градинката и локалната самоуправа
- Остварување на соработка помеѓу градинката и училиштата од непосредната околина
- Соработка со родители

**ВОВЕД**

Годишната програма за работа со деца од предучилишна возраст, претставува документ од Јавен карактер кој е усогласен со Националната програма за ран детски развој, современите општествено демократски текови, Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.

Земајќи го во предвид фактот дека секое дете има различни развојни потенцијали и свои лични, интелектуални специфики, реализацијата на задачите предвидени со Годишната Програма на ЈОУДГ "11 Октомври" ќе има за цел, поттикнување на детската личност да се изгради во посебна индивидуа, која ќе умее да ги почитува основните норми на општественото живеење.

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишната возраст е од голем општествен интерес и претставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно оределени принципи:

1. На сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социо-економските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби треба да им се овозможи влез во воспитно - образовниот систем.
2. Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учење, а се во согласност со нивната возраст и социо-културолошките карактеристики.
3. Децата најдобро учат преку игра. Во процесот на учењето ИГРАТА се прифаќа како инструмент за учење.
4. Средината во која децата учат, треба да биде стимулативна и во согласност со нивните физички и и емотивни потреби.

## 1. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА КОНЦИПИРАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА

При коципирање на Годишната програма на ЈОУДГ "11 Октомври" Скопје – Бутел, за 2018 / 2019 година наши појдовни основи за организирање на дејноста беа:

- Член 168 од Законот за заштита на децата (Сл. Весник на РМ 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2015, 10/2015,27/2016);
- Програма за рано учење и развој (Сл. Весник на РМ бр. 22/13 и 12/14 од 06.03.2014 г.);
- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 год.возраст
- Статутот на ЈОУДГ „11Октомври“,општина Бутел, Скопје
- Документ изработен од Министерство за труд и социјална политика на Р. Македонија и канцеларијата на UNICEF;
- Меѓународната конвенција за заштита на правата на децата
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини
- Најновите педагошко-психолошки, научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- Педагошко-психолошката литература за развој на детето до поаѓање во училиште
- Хуманистички приод во сваќањето на природата на детето и неговиот физички и духовен развој, како сознајно и социјално битие
- Позитивните искуства на ЈОУДГ "11 Октомври" во згрижувачката и воспитно-образовна дејност

## 2. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ И ОПРЕМЕНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ

### 2.1. РАБОТНИ ЕДИНИЦИ

Јавната Општинска Установа Детска Градинка "11 Октомври" – Скопје, општина Бутел, својата воспитно-згрижувачка и воспитно-образовна дејност ја реалаизира во шест Работни Единици (во понатамошниот текст Р.Е.) :

| Објект Р.Е. | Чаир | Бутел 2 | Страшо | Бутел 1 | Т.К. 1 | Т.К. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| занимална со спална соба | 6 | 4 | --- | --- | 6 | --- |
| занимална без спална соба | 3 | 3 | 8 | 8 | 3 | 5 |
| санитарни јазли | 9 | 2 | 2 | 8 | 9 | 5 |
| сала со спортски реквизити и справи | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | --- |
| канцелариски простории (администрацијавоспит.) | 6 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 |
| соба за изолација | 1 | 1 | --- | 1 | 1 | --- |
| соба за хаусмајстор | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | --- |
| соба за здравствен персонал | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | --- |
| тоалети за возрасни | 6 | 1 | 1 | 4 | 4 | 2 |
| тријажа | 1 | 1 | --- | 1 | 1 | --- |
| чајна кујна | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| централна кујна | 1 | --- | --- | --- | --- | --- |
| магацин | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| перална - шивална | 1 | --- | --- | 1 | 1 | --- |
| котлара | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | --- |
| скривница | 1 | --- | --- | 1 | 1 | --- |
| централно парно греење | 1 | --- | --- | --- | --- | --- |
| сопствено парно греење | --- | 1 | 1 | 1 | 1 | --- |

Табела број 1 –Опременост на објекти

**Р.Е. "ЧАИР" (Матичен објект)**
**локација:**ул.2-ра Македонска Бригада б.б.
**населба:**Скопје Север
**внатрешна површина:** 1.718 м$^2$
**дворна површина:** 3.290 м$^2$
**вкупна површина:** 5.008 м$^2$



**Забелешка:**Една од занималните во Р.Е. "ЧАИР" (Матичен објект)е дадена на користење на О.У. Петар Здравковски Пенко, каде се реализира настава на една паралелка со целодневен престој на деца. Со ваквата поставеност, капацитетот во Р.Е. "Чаир" се намалува од 180 на 160 деца.

**Р.Е. "БУТЕЛ 2"**
**локација:** ул. Рокомија б.б.
**населба:** Бутел 2
**внатрешна површина:** 1.840 м$^2$
**дворна површина:** 6.000 м$^2$
**вкупна површина:** 7.840 м$^2$



**Забелешка:** Р.Е. "БУТЕЛ 2" располага со 13 занимални, Во моментот, во употреба се само 4 занимални со спални соби за деца, додека останатите се функционално неупотребливи.
Со цел да се излезе во пресрет и да се задоволат барањата на родителите за упис на деца во овој објект, **во тек е** преадаптација на други 2 занималниза целодневен престој на деца.
Во 2014 година по налог на Општина Бутел, една занимална со придружен дел е пренаменета во Пензионерски клуб.

**Р.Е. "СТРАШО ПИНЏУР"**
**локација:** ул. Натанаил Кучевишки б.б.
**населба:** Бутел 1
**внатрешна површина:** 640 $м^2$
**дворна површина:** 3.190 $м^2$
**вкупна површина:** 3.830 $м^2$



**Р.Е. "БУТЕЛ 1"**
**локација:** ул. Натанаил Кучевишки б.б.
**населба:** Бутел 1
**внатрешна површина:** 1.317 $м^2$
**дворна површина:** 6.342 $м^2$
**вкупна површина:** 7.659 $м^2$




**Р.Е. "ТАШКО КАРАЏА 1"**
**локација:** ул. Радишанска б.б.
**населба:** Радишани
**внатрешна површина:** 2.200 $м^2$
**дворна површина:** 4.000 $м^2$
**вкупна површина:** 6.200 $м^2$



**Р.Е. "ТАШКО КАРАЏА 2" отворен 30.08.2016**
**локација:** ул. Радишанска б.б.
**населба:** Радишани
**внатрешна површина:**
**дворна површина:**
**вкупна површина:**



**ДВОРНИТЕ ПОВРШИНИ** со својот изглед и опременост делумно ги задоволуваат потребите за престој на децата на чист воздух. Во иднина најголемо внимание ќе посветиме на безбеден престој на дечињата во дворот на градинките

- Одржување на постоечката жива ограда
- Оградување на дворовите со нова заштитна ограда
- Поставување на бетонски капаци на отворените шахти(бидејќи металните капаци се предмет на кражба)
- Поставување на инфо табли за одржување на хигиената и редот во дворот.

Покрај редовното одржување на тревниците, ќе се обрне поголемо внимание на хортикултурното уредување на тревните површини во сите објекти. Тоа значи:

- Засадување на ново семе (трева)
- Засадување на садници од цвеќиња
- Засадување на други растенија
- Организирање на простор за одгледување на градинарски и овошни производи (како активност и во соработка со воспитно-образовниот кадар на градинката).

## 2.2. ОПРЕМЕНОСТ НА ОБЈЕКТИ

Опременоста на ентериерот на ЈОУДГ "11 Октомври" одговара на функцијата на градинката во сите објекти. Воспитно-образовните активности во просторијата за учење се реализираат во центрите за учење:

- Литературен центар
- Математички центар
- Центар за игри со конструктивен материјал
- Научно-истражувачки центар
- Уметнички центар
- Компјутерско-информатички центар
- Центар за игра на улоги, драматизација и куклени претстави
- Центар за изложување на детски творби и др.

## 2.3. БИБЛИОТЕКА

Библиотечниот фонд на ЈОУДГ "11 Октомври" за стручно усовршување на кадарот и за унапредување на дејноста располага со соодветен библиотечен фонд од стручна литература за деца, чиј број, во текот на наредната година ќе се зголемува и перманентно ќе се збогатува со нови публикации за задоволување на едукативните потреби на децата и возрасните.

Библиотечниот фонд на ЈОУДГ "11 Октомври" користи: Стручна литература за проектите кои се реализираат во текот на годината како и редовни педагошки списанија "Просветен работник" "Воспитни крстопати" "Росица" "Месечко" и дневен печат.

Библиотечниот фонд располага со книги кои го следат современиот тренд на педагошка наука, како и современите потреби за реализација на воспитно-образовната дејност.

По однос на тоа, предвидена е набавка на нови литературни наслови, прирачници, сликовници, приказни и драмски текстови, а по потреба и и енциклопедии за деца од различен вид, книги со детски игри и сл.

Во текот на годината перманентно ќе се набавува литература за деца, како и детски списанија на македонски и албански јазик.

## 3. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ ПО Р.Е.

Поради зголемениот интерес за вклучување на децата во предучилишниот систем на воспитание и образование и во насока на задоволување на барањата на родителите, а по добиена согласност од страна на советот на општина Бутел, во поглем дел од воспитно – образовните групи имаме зголемен број на деца или надминување на проектираниот капацитет и нормативите дадени од страна на МТСП.

| Објект Р.Е. | Проектиран капацитет | Сегашен опфат на деца | Надминување на проект. капац. |
|---|---|---|---|
| **Чаир** | 160 | 234 | 74 |
| **Бутел 2** | 140 | 140 | --- |
| **Страшо Пинџур** | 100 | 143 | 43 |
| **Бутел 1** | 180 | 229 | 49 |
| **Ташко Караџа 1** | 180 | 230 | 50 |
| **Ташко Караџа 2** | 120 | 135 | 15 |
| **ВКУПНО** | 880 | 1.111 | 231 |

Табела број 2 – Опфат на деца

Реализацијата на воспитно-образовната програма за 2018 – 2019 год со децата од предучилишна возраст ќе се одвива во **41 воспитна група** од кои 7 се јаслени групи и 34 групи во делот на градинка.

| Објект Р.Е. | ЈАСЛИ | ГРАДИНКА | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мала | средна | голема | хетерогена | |
| **Чаир** | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | **8** |
| **Бутел 2** | 1 | 2 | -- | -- | 3 | **6** |
| **Страшо Пинџур** | 1 | 2 | 1 | 1 | --- | **5** |
| **Бутел 1** | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | **8** |
| **Ташко Караџа 1** | 3 | 3 | 1 | 2 | --- | **9** |
| **Ташко Караџа 2** | -- | 2 | 2 | 1 | --- | **5** |
| **ВКУПНО** | **7** | **15** | **6** | **6** | **7** | **41** |

Табела број 3 – Воспитно – образовни групи на деца

## 3.1. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Јавната Општинска Установа Детска Градинка "11 Октомври" – Скопје, општина Бутел, се застапени следните профили кои ја извршуваат раководната, стручната, и административно - техничката служба во непосредната работа со деца.

| ред бр. | ПРОФИЛ НА СТРУЧНОСТ | Вкупно | Фактичка стручна подготовка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Неопреде-лено време | Догоовр на дело | Определено време | Агенција за прив. враб. | Волонтери |
| 1 | 2 | 3 = 4+5+6+7+8+9 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| **1** | **Раководни работници** | **1** | | | | | |
| | Директор | **1** | 1 | | | | |
| **2** | **Стручни работници** | **3** | | | | | |
| | педагог | **1** | 1 | | | | |
| | психолог | **1** | 1 | | | | |
| | социјален работник | | | | | | |
| | дефектолог | | | | | | |
| | логопед | **1** | 1 | | | | |
| | доктор по медицина | | | | | | |
| | доктор на стоматологија | | | | | | |
| **3** | **Воспитно-згрижувачки кадар** | **68** | | | | | |
| | Воспитувач | 28 | 28 | | | | |
| | негувател | 40 | 40 | | | | |
| **4** | **Стручни соработници** | **1** | | | | | |
| | музички педагог | | | | | | |
| | дипломиран ликовен педагог | | | | | | |
| | педагог по физичко воспитание | | | | | | |
| | медицинска сестра | **1** | 1 | | | | |
| | јазик и книжевност | | | | | | |
| | социјален работник (VI степен) | | | | | | |
| **5** | **Административен кадар** | **2** | | | | | |
| | благајник | **1** | 1 | | | | |
| | секретар - правник | | | | | | |
| | економист | **1** | 1 | | | | |
| | материјален книговодител | | | | | | |
| | финансов книговодител | | | | | | |
| | аналитичар – евидентичар | | | | | | |
| **6** | **Готварски кадар** | **10** | | | | | |
| | главен готвач | **1** | 1 | | | | |
| | готвач | **2** | 2 | | | | |
| | помошник во кујна | | | | | | |
| | помошник готвач во главна кујна | | | | | | |
| | помошник готвач во чајна кујна | **2** | 2 | | | | |
| | садомијачка - серверка | **5** | 5 | | | | |
| **7** | **Друг технички кадар** | **22** | | | | | |
| | набавувач – возач | | | | | | |
| | ракувач на парни котли кој е и ложач | | | | | | |
| | хаус – мајстор | **3** | 3 | | | | |
| | градинар – чувар | **5** | 5 | | | | |
| | шивачка | **1** | 1 | | | | |
| | перачка | | | | | | |
| | пеглачка | | | | | | |
| | хигиеничар | **13** | 13 | | | | |
| | **ВКУПНО :** | **107** | **107** | | | | |

Табела број 4 –Ангажирани лица во установата според фактичката стручна подготовка

Јавната Општинска Установа Детска Градинка "11 Октомври" – Скопје, општина Бутел, својата воспитно-згрижувачка и воспитно-образовна дејност ја реалаизира во **7 јаслени групии 34 групи во делот на градинка.** Воспитно - образовниот (воспитувачки) и воспитно - згрижувачкиот (негователки) кадар, е распределен на следниот начин:

| **Објект Р.Е. ЧАИР** | **јазик** | **Број на деца** | **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (воспитувачки и негователки во воспитни групи)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **на неопред.** | | **на определ.** | | **Волонтери** | | **ВКУПНО** |
| | | | **восп.** | **негов.** | **восп.** | **негов.** | **восп.** | **негов.** | |
| **јасли дупла** | комб. | 24 | --- | 3 | --- | --- | --- | --- | **3** |
| **І мала група** | алб. | 28 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **ІІ мала група** | алб. | 36 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **средна група** | алб. | 36 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **голема група** | алб. | 36 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **І мала група** | мак. | 27 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **хетерогена** | мак. | 29 | --- | 1 | --- | --- | 1 | --- | **2** |
| **хетерогена** | мак. | 28 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **ВКУПНО** | **8 групи** | **244** | **6** | **10** | | | **1** | | **17** |

Табела број 5 – Воспитно – згрижувачки кадар во Работна Единица"ЧАИР" нас. Скопје Север

| **Објект Р.Е.БУТЕЛ 2** | **јазик** | **Број на деца** | **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (воспитувачки и негователки во воспитни групи)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **на неопред.** | | **на определ.** | | **Волонтери** | | **ВКУПНО** |
| | | | **восп.** | **негов.** | **восп.** | **негов.** | **восп.** | **негов.** | |
| **јасли дупла** | комб. | 18 | --- | 3 | --- | --- | --- | --- | **3** |
| **І мала група** | мак. | 20 | --- | --- | --- | --- | 1 | 1 | **2** |
| **ІІ мала група** | мак. | 27 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **хетерогена** **НОВА ГРУПА** | мак. | 26 | --- | --- | --- | --- | 1 | 1 | **2** |
| **хетерогена** **НОВА ГРУПА** | алб. | 27 | 1 | --- | --- | --- | --- | **1** | **2** |
| **хетерогена** | алб | 29 | 1 | --- | --- | --- | --- | **1** | **2** |
| **ВКУПНО** | **6 групи** | **147** | **3** | **4** | | | **2** | **4** | **13** |

Табела број 6 – Воспитно – згрижувачки кадар во Работна Единица "Бутел 2" нас. Бутел 2

| Објект Р.Е.СТРАШО | јазик | Број на деца | ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (воспитувачки и негователки во воспитни групи) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на неопред. восп. | негов. | на определ. восп. | негов. | Волонтери восп. | негов. | ВКУПНО |
| јасли дупла | мак. | 24 | --- | 3 | --- | --- | --- | --- | **3** |
| ǀ мала група | мак. | 29 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| ǀǀ мала група | мак. | 28 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| средна група | мак. | 33 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| голема група | мак. | 32 | 1 | --- | --- | --- | --- | 1 | **2** |
| **ВКУПНО** | **5 групи** | **146** | **4** | **6** | | | | **1** | **11** |

Табела број 7 – Воспитно – згрижувачки кадар во Работна Единица "Страшо Пинџур" нас. Бутел 1

| Објект Р.Е. БУТЕЛ 1 | јазик | Број на деца | ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (воспитувачки и негователки во воспитни групи) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на неопред. восп. | негов. | на определ. восп. | негов. | Волонтери восп. | негов. | ВКУПНО |
| јасли дупла | мак. | 22 | --- | 2 | --- | --- | --- | 1 | **3** |
| ǀ мала група | мак. | 24 | --- | --- | --- | --- | 1 | 1 | **2** |
| ǀ мала група | мак. | 31 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| ǀǀ мала група | мак. | 31 | 1 | --- | --- | --- | --- | 1 | **2** |
| средна | мак | 32 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| голема група | мак. | 32 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| хетерогена гр | мак. | 27 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| хетерогена НОВА ГРУПА | алб. | 32 | 1 | --- | --- | --- | --- | 1 | **2** |
| **ВКУПНО** | **8 групи** | **231** | **6** | **6** | | | **1** | **4** | **17** |

Табела број 8 – Воспитно – згрижувачки кадар во Работна Единица "Бутел 1" нас. Бутел 1

| Објект Р.Е. Т.К. 1 | јазик | Број на деца | ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (воспитувачки и негователки во воспитни групи) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на неопред. восп. | негов. | на определ. восп. | негов. | Волонтери восп. | негов. | ВКУПНО |
| **јасли дупла** | мак. | 23 | --- | 2 | --- | --- | --- | 1 | **3** |
| **јасли дупла** | мак. | 22 | --- | 2 | --- | --- | --- | 1 | **3** |
| **јасли дупла** | мак. | 22 | --- | 1 | --- | --- | --- | 2 | **3** |
| **ǀ мала група** | мак. | 28 | --- | --- | --- | --- | 1 | 1 | **2** |
| **ǀ мала група** | мак. | 28 | 1 | --- | --- | --- | --- | 1 | **2** |
| **ǀǀ мала група** | мак. | 29 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **средна група** | мак. | 28 | 1 | --- | --- | --- | --- | 1 | **2** |
| **голема група** | мак. | 27 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **голема група** | мак. | 28 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **ВКУПНО** | **9 групи** | **235** | **5** | **8** | | | **1** | **7** | **21** |

Табела број 9 – Воспитно – згрижувачки кадар во Работна Единица "Ташко Караџа 1" нас. Радишани

| Објект Р.Е. Т.К. 2 | јазик | Број на деца | ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (воспитувачки и негователки во воспитни групи) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на неопред. восп. | негов. | на определ. восп. | негов. | Волонтери восп. | негов. | ВКУПНО |
| **ǀ мала група** | мак. | 29 | --- | 1 | --- | --- | 1 | --- | **2** |
| **ǀǀ мала група** | мак. | 26 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **средна група** | мак. | 27 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **средна група** | мак. | 29 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **голема група** | мак. | 28 | 1 | 1 | --- | --- | --- | --- | **2** |
| **ВКУПНО** | **5 групи** | **139** | **4** | **5** | | | **1** | | **10** |

Табела број 10 – Воспитно – згрижувачки кадар во Работна Единица "Ташко Караџа 2" нас. Радишани

Од оваа година, со цел да се излезе во пресрет на потребите на родителите за упис на деца во градинка, во Р.Е. Бутел 2ул. Рокомија б.б. , се отворени ДВЕ НОВИ ГРУПИ,  една на македонски, друга на албански наставен јазик,во Р.Е. Бутел 1 ул. Натанаил Кучевишки  б.б.  Скопје, е отворена една нова групана албански наставен јазик.

Поради зголемениот број на групи, се појави потребата од вработување на нов кадар, а се со цел, непречено реализирање на воспитно-образовната програма**имамепотреба од вработување на следниот кадар:**

| | |
|---|---|
| Воспитувачи | 6 лица |
| Негователки за раб во градинка на македонски јазик | 8 лица |
| Негователки за раб во градинка на албански јазик | 3 лица |
| Негователки за работа во Јасли | 5 лица |

Воедно Ве известуваме дека дел од лицата за кои бараме одобрение од МТСП веќе работат (волонтираат) во ЈОУДГ "11 Октомври" – Скопје или се водат со договори за определено време.

# 4. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Во секојдневната работа со децата, основна задача на ЈОУДГ "11 Октомври" – Скопје, општина Бутел, е превенирање во здравствената заштита како и начините на искористување на **здравствено-хигиенските навики** во полза на сопственото здравје.

Како одговрна институција,  постојано обрнуваме внимание на:

- Оралната хигиена и оралното здравје на децата
- Редовни офталмолошки прегледи
- Редовни ортопедски прегледи
- Редовно миење на рацете на децата
- Одржување на хигиената во просториите и предметите во нив
- Разработување на содржини со соодветна проблематика
- Редовни родителски средби по однос на одржување на хигиената и здравјето на нивните деца

Составен дел на здравјето и здравствената заштита, е и **храната** која се конзумира во детската градинка. Во таа насока, слободно можеме да се пофалиме, дека Централната кујна, која се наоѓа во Матичниот објект, ул.2-ра Македонска Бригада б.б, Скопје - Бутел меѓу првите во Р. Македонија, т.е. од 2009 година, **има воведено HASSAP систем** и ги задоволува сите здравствено хигиенски услови. Оттука, слободно можеме да кажеме дека ЈОУДГ "11 Октомври"особено внимава на:

- Хигиенска исправност на продуктите кои се конзумираат
- Правилно функционирање и хигиенско одржување на куњскиот блок
- Хигиенско одржување на садовите и инвентарот во централна кујна
- Хигиенска дистрибуција на храната

Значајно за здравиот развој на детето е и **престојот на сонце и свеж воздух.** Децата ќе се изведуват во дворот и ќе се реализираат кратки прошетки во природа.

Во поглед на **физичкото здравје** и детскиот развој покрај организираните работилници со деца (хигиена, здрава храна, градба на оралната шуплина, контрола на влез на шекери, здраво и болно запче, орална хигиена и посета на стоматолог и сл.), **новина, и она на што посебно ќе ставиме акцент оваа година е:**

- **Корективна гимнастика**

Соработка со општествената средина и стручни институции:

- Ортопедска Клиника, прегледи на колковите
- Офталмолошки преглед
- ORL - прегледи на слух
- Микробиолошки прегледи

Со цел, професионално реализирање на здравствената заштита и големиот број на деца (вкупно 1.150 деца), информираме дека ЈОУДГ Градинка "11 Октомври" – Скопје, општина Бутел, од медицински персонал, во моментов располага само со 1 медицинска сестра, за **докомплетирање на кадарот имаме потреба од вработување на Доктор-Педијатар.**

# 5. ИГРАТА КАКО ОСНОВНА АКТИВНОСТ ВО ГРАДИНКА

Играта е сложена активност во која доаѓаат до израз сите процеси на функционирање на човековата свест. Конкретно децата, преку играта изразуваат љубопитност, потреба за соработка и дружење, стекнуваат контрола над сопствените чувства, учат да споделат радост, страв, љубов, но и лутина. Преку играта детето ги изразува своите творечки способности, во цртањето, моделирањето, драмската игра, народните танци, песни и сл. и развива осет за естетика и способност за воочување на убавото.

Воспитно – образовната програма односно дневните теми ќе ги реализираме преку следните игри и игровни активности:

**Функционални игри** – кои се состојат во често повторување на дејствија кои ангажираат одредени поведенија (фаќање на предмети со врвот на прстите, испуштање, разгледување предмети во различни бои..)

**Експлоративни игри** - манипулативни игри со предмети (вртење и разгледување на предметот, тропање и сл.)

**Симболички игри** – имитативни игри или игри на претставување (хранење на други лица, ставање на куклата да спие ..)

**Драмски игри** – поврзување на неколку игровни дејствија во мала приказна (за реализација на драмските игри, потребно е доопремување со куклени катчиња, подвижни куклени театри, детски медицински играчки, медицински униформи, ташнички и сл.)

**Конструктивни игри** – градење на кула од коцки, мост, воз, моделирање со пластелин, игри со песок и вода, игри со хартија, туткање, лепење, кинење, лепење и сл.

**Игри на улоги** – детето влегува во улога на мајка, учителка, доктор (за рализација на оваа игра, потребно е набавка на гиноли и мажоретки за целосно внесување на детето во игратра на улоги)

**Дидактички игри** – со кои се поттикнува интелектуалниот развој и социјализација на детето. Тие имаат за цел развивање на перцепција, развивање на говорот кај детето и сл. Овие игри имаат елемент на учење и може да бидат осмислени од страна на самиот воспитувач.

**Традиционални игри** – во кои децата користат природни материјали

При **работа со деца од јаслена возраст**, играта ќе има централно место во работата со децата како водечка активност низ која децата растат, учат и се развиваат. Поаѓајки од вака поставените цели, оваа година со јаслените групи ќе ги реализираме следните активности:

- Сокривање и откривање на лицето
- Взаемна имитација на детето и возрасниот
- Традиционални игри
- Игри на фрлање и фаќање
- Игри на покажување
- Криенки
- Едноставни налози
- Имитативни игри
- Активности на осознавање на себе си
- Свесно испуштање и фрлање на играчка
- Давање на играчка на барање
- Игри од типот како се сака

**Од 18 – 24 месеци** покрај горенаведените игри, ќе се применуваат и следните активности:

- Заеднички практични активности на детето и возрасниот
- Запознавање со делови на телото
- Игри пред огледало
- Игри на соработка
- Игри на улоги

# 6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА

Годишниот план за работа содржи

1. План за реализација на активности со децата од јаслена возраст
2. План за реализацијаа на воспитно – образовната работа со децата од градинка
3. Работно време

## 6.1. Организација на работата со деца до 2 години

Работата со децата од јаслена возраст опфаќа нега, лична хигиена, одмор на децата, исхрана и активности на формирање на навики за целокупниот резвој во соодветната возраст.

**Организацијата** на престојот и животот на децата во јаслените групи е во согласност со Националната Програма за рано учење и развој која и оваа возрасна категорија деца воспитно образовно и развојно ја третира според Стандардите за рано учење и развој која е надополнета со иновативни елементи од аспект на избор на стандарди според кои секое дете се следи и стимулира во индивидуалниот развој.

**Опремувањето** на јаслените групи со игровни (дидактички материјали) е планирано да е одвива во текот на целата година.

За децата од јаслените групи планирани се систематски прегледи повеќе пати во годината.

**На информативни паноа** во континуитет (еднаш месечно) ќе се истакнува и листата на јадења за тековниот месец и постојано ќе се трудиме да воведуваме нови јадења зависно од вкусовите кај децата со цел децата да се хранат разновидно и пред се здраво.

## 6.2. Организација на работата со деца од 2 - 6 години

Воспитно-образовната дејност во градинките ја реализираат воспитувачите со асистенција на негователките, а во консултација со директорот, психологот, педагогот, логопедот и одговорните воспитувачи.

Оваа дејност, во сите воспитно-образовни групи ќе се планира според постоечката Програма за рано учење и развој, донесена од МТСП на РМ. Со цел поуспешно да се следат ефектите на воспитно-образовната дејност секој воспитувач води:

- Дневник за работа на воспитна група
- Секојдневно следење на развојот на детето од сите аспекти
- Досие на дете, во кое се приложуваат детски, карактеристични изработки, анегдотски белешки, записи и др.
- Годишна анализа на реализирани теми
- Друга евиденција по потреба.

Реализацијата на планираната воспитно – образовна дејност се одвива во текот на целиот престој на децата во градинката.

Распоредот на останатите игровни активности во текот на денот ќе го почитуваат режимот одреден со **Програмата за рано учење и развој, но со извесна флексибилност, согласно развојните, индивидуални потреби на секое дете и вклучувајќи ја креативноста на секој воспитувач**, да го збогати и оплемени планираното се со цел развивање на холистичкиот пристап на развојот на секое дете.

Во сите воспитно-образовни групи ќе се преферира индивидуалниот пристап кон децата, со што нема да бидат изоставени сите останати потребни форми на воспитно-образовната работа.

### 6.3. Работно време

Работното време во ЈОУДГ "11 Октомври" започнува во 6 часот наутро и трае до 18 часот попладне.

По однос на облиците на работа со деца, градинката реализира полудневен (од 4 до 6 часа) и целодневен престој на деца. Немаме посебни групи за полудневен престој, затоа овие дечиња престојуваат во групите со целодневен престој. Ритамот на денот е организиран на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Прием на деца и слободни активности** | 06:00 - 08:30 часот |
| **Утринска гимнастика** | 08:30 - 08:40 часот |
| **Подготовка за појадок и појадок** | 08:40 - 09:00 часот |
| **Време за групни активности** | 09:00 - 09:30 часот |
| **Активности по катчиња** | 09:30 - 10:15 часот |
| **Ужина** | 10:15 - 10:30 часот |
| **Прошетка, набљудување и престој на воздух** | 10:30 - 11:15 часот |
| **Подготова за ручек и ручек** | 11:15 - 12:30 часот |
| **Пасивен одмор (спиење)** | 12:30 - 14:30 часот |
| **Ужина** | 15:00 - 15:15 часот |
| **Повторување на дневни активности** | 15:15 - 16:00 часот |
| **Заминување на децата** | 16:00 - 17:30 часот |
| **Средување на занималната** | 17:30 - 18:00 часот |

Табела број 11 – Распоред на дневни активности

Во сите воспитни групи особено се води сметка за **периодот на адаптација**. Се применува методот на постапност во адаптација (постепено навикнување, преку постепено зголемување на времето на престој на детето во градинка) со цел, и детето и родителите постетепено се навикнат на ритамот на денот во установата.

## 7. ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Имајќи во предвид дека развојот и учењето кај малите деца се одвива на неколку полиња, при планирање на воспитно образовната работа како ЈОУДГ "11 Октомври"- Скопје, единствена цел која ја поставуваме пред себе е среќно и задоволно дете, кое еден ден ќе израсне во позитивна, здрава и исполнета личност.

Овој наш императив го реализираме преку разновидни активности во следните **домени**:

1. **Физичко здравје и моторен развој** (физичка компетентност и добра физичка кондиција, активно учество во животната средина која ги опкружува, примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности и сл.)

2. **Социо-емоционалниот развој** (самодоверба, позитивна емоционална состојба, компетентност во интеракциите со врсниците, способност за разбирање на сопствените емоции, контрола на сопствените чуства, респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата).

3. **Развој на јазикот и раното описменување.** Јазикот е составен од четири дела слушање, зборување, читање и пишување и неговото развивање почнува веднаш по раѓањето.

4. **Развој на пристап кон учење** (иницијативност, упорност и посветеност, љубопитност и интерес, креативност и инвентивност, рефлексија и интерпретација).

5. **Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.** Ова е важен период, бидејќи преку овој домен децата стекнуваат способност за размислување, способност за стекнување и користење на нови информации, спообсбност за решавање на проблеми и сл.

Домените се меѓусебно испреплетени и претставуваат една целина на развој.

**Работата со деца од 2 – 6 години** ќе се одвива во согласност со Програмата за рано учење и развој од МТСП. Содржините и темите се разработуваат во склад со циклусите во природата, културните одредници на животната средина на детето и слично. **Понудениот Курикулум е обнасловен како " Јас можам, јас умеам, јас знам – помогни ми да тоа го направам сам"**. Курикулумот ги интегрира следните теми:

- Реализација на музички проект "Музиката низ детските раце"

**Февруари :**

- Планирање и организирање на Хуманитарна акција"Од дете за дете"

**Март :**

- Договор за одбележување на манифестацијата по повод 1 – ви Април Денот на шегата
- Договор за предавање околу едукација на воспитно - образовниот кадар на тема "Превенција од скелетни деформитети" (правилно седење, правилно држење на нозете и слично) по повод 7 април – Денот на здравјето

**Април :**

- Учество во обликувањето на стимулативна средина за презентација на актуелните проекти
- Декорирање на стимулативна средина по повод Вилигденските празници
- Одбележување на 1 Април – Ден на шегата
- Одбележување на 7 април – Ден на здравјето
- Одбележување на 22 април – Ден на планетата земја
- Одбележување на 29 април– Ден на танцувањето

**Мај:**

- 15 Мај – Ден на семејството
- Завршни приредби на ниво на воспитни групи

**Јуни :**

- Валоризација на воспитно – згрижувачката работа и договор за летна организација на работата

## 14. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот во учебната 2018/2019 година целосно ќе се насочи кон реализирање на програмата за работа на установата. Својата работа Директорот ќе ја остварува во рамките на законите, задачите и надлежностите кои се дадени со Статутот на установата и Законот за заштита на децата. Својата работа особено ќе ја насочи кон следите подрачја и активности:

**Приоритетни задачи се:**

Во соработка со Општина Бутел,Министерството за труд и социјална политика , пошироката заедница да се пронајдат начини за изградба на нов објект (адаптација на објектот Бутел 2 – делот кој е долги години нефункционален) со што ќе се задоволат потребите на локалното население и ќе се прифатат сите деца од листата на чекање.Воедно со тоа ќе се отпочне со изградба на Сензорна Соба за деца со попреченост и атипичен развој. (овој проект насловен како „Во различноста сме еднакви“ ќе се реализира во соработка со Општина Бутел)

**Основни принципи за развојот на градинката**

За реализација на приоритетните задачи на Директорот и реализирање на зададените задачи Директорот ќе се раководи од следните принципи:

1. Хармонизирање на односите мегу вработените ( со прераспоредување на кадарот, на места и локации на објекти каде ќе допринесат за попријатен престој на децата)
2. Еднакво оптеретување на вработените со работни задачи

3. Поттикнување на совесност и одговорност кон работата и колегите, со целисходна и јасна ориентација во остварување на дејноста

4. Мотивирање на згрижувачкиот и воспитниот кадар , кои се носители на дејноста во насока на зголемено ангажирање за постигнување на поголеми резултати во реализација на воспитно – образовниот процес

5. Максимална искористеност на ресурсите

6. Создавање на услови за оптимален развој на детето на физички, емоционален и интелектуален план

7. Принцип на почитување на индивидуалните разлики кај децата во степенот на развојот на способностите и интересите

8. Создавање на здрава работна и емоционална клима , стимулативна атмосфера меѓу вработените и родителите, кои претставуваат важен партнер во релацијата дете- родител

**Концепциско – програмска работа**

Во однос на концепциско- програмската работа, Директорот ќе ги реализира следниве активности:

- Спроведување на мерки за реализација на Законот за заштита на децата

- Спроведување на активности во рамките на Меѓународната Конвенција за заштита на правото на детето

- Подготвување на Годишната Програма и Годишниот Извештај за работа на градинката нивно предлагање пред Управниот Одбор ,

- Подготвување на други видови на програми и планови како и утврдување на проекциииза развој и работа на градинката и превземање мерки за нивна реализација

- Учество во изготвување на Финансов план и Финансов Извештаји предлагање до Управниот Удбор ,Советот на Општина Бутел, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии,
- Непосредана контрола и примена на мерките за заштита при работа , предвидени со закон иобезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во Установата
- Обезбедување услови за организација на правилна исхрана на децата , поаѓајки од енергетските потреби и нормативите предвидени од Заводот за домаќинство на Р.М.
- Обезбедување на кадрови услови за нормално одвивање на дејноста во текот на годината
- Редовно учество на седници на Управниот Одбор во однос на негово информирање за состојбата и застапувајки ја установата, реализирајки ги одлуките и заклучоците, донесени по разни основи
- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката
- Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирањена Планот за јавните набавкиво установата,
- Следење , контрола и надзор при изготвување на исхраната за децата, планирање на листата за јадење , контрола на артиклите од кои таа се подготвува
- Дава мислење и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко –воспитната работа со децата,
- Непосредно учество во комисиите и директна реализација на програмата за тековно и инвестиционо одржување,со цел да се подобри безбедноста на објектитеи престојот на децата во нив

- Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветни одлуки решенија и наредби со кои се решаваа определени прашања, права и одговорности на вработените,
- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајки гизаконските прописи,
- Следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација,
- Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установата пред надворешната јавност, како успешна и реномирана градинка во градот и Републиката,
- Донесува одлуки и решенија согласно Законот за работните односи и Законот за јавните службеници
- Раководи и организира подготовки од областа на одбраната

**Непосредна работа со стручните органи во градинката**

Работата со стручните органи ќе ја реализира перманентно со планирање на работата на Стручниот совет , Совет на воспитувачи и Совет на негуватели.

**Аналитичко – студиска работа**

Аналитичко-студиската работа ќе ја реализира со:

- Анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на градинката
- Изготвување на анализи, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализација на програмата за воспитно-образновната дејност во предучилишното воспитание и образование
- Следење и анализа на месечната потрошувачка за исхрана на детето,со цел да се утврди цената на чинење на услугите за престој на детето во установата
- Следење и анализа на табели и прегледи за бројот на запишани и отпишани деца, присуство и отсуство на децата, и исполнетост на капацитетот по објекти со предлог мерки за евентуални корекции во однос на одржувањето на бројната состојба на децата по восп. групи
- Следење и навремено уочување на потреба од евентуални промени кадарот, со цел да се придонесе за нормално извршување на работата и подобрување на резултатите во работата
- Упатување и оспособување на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници за аналитичко студиска работа.

**Соработка со родителите**

Вклучување на родителите во Советот на родители и непосредна соработкиа би се одвивале на следниов начин:

- Редовна комуникација со родители на децата кои престојуваат во Установата преку индивидуални разговори, присуство на родителски средби групни средби, едукативни средби и други форми на соработка.
- Вклучување на родителите во соодветни активности во градинката заради подобрување на работата.
- Иницирање и организирање на општи родителски средби.
- Советодавна работа со родителите на децата кои престојуваат во градинката (информации,разговори,искуства и друго)
- Организирање стручни средби со родителите на децата од градинката, со цел да им се дадат насоки за правилно воспитување и одгледување на нивните деца во семејството
- Прифаќање предлози, спонзорства и донации од родителите-подобрување на квалитетот на комуникацијата воспитувач-родител, негoвател-родител, вработен-дете, со цело да се создаде меѓусебна доверба и сигурност
- Воспоставување партнерски однос со родителите и нивно поактивно вклучување во реализацијата на програмата.

**Соработка со организации и институции во однос на афирмација на градинката пошироко**

Интензивирање на соработката со организации и институции за афирмирање на градинката ќе се реализира со:

- Организирање соработка на детската градинка со други стручни органи и институции од градот, државата и надвор од неа.
- Интензивирање и непосредна соработка со Локалната самоуправа на Општина Бутел, Градоначалникот, Советот на Општина Бутел и Раководителот на сектор, пораси успешно остварување на основната функција на градинката и подобрување на условите за престој на децата во неа.
- Непосредна соработка со МТСП
- Непосредна соработка со Бирото за развој на образованието на РМ, во рамките на реализација на воспитно-образовните содржини.
- Соработка со Филозофскиот и Педагошкиот факултет- соработка со предучилишните установи во државата и пошироко.
- Соработка со организациии институции од областа на воспитанието и образованието, науката, здравството, социјалните дејности, стопански субјекти, медиуми и слично.

**Приоритети во остварување на дејноста**

За успешно остварување на Планот и Програмата за работа и развој на градинката Директорот редовно ќе ги следи промените на Законот и реформите во системот, запознавајќи се со законските регулативи

Приоритетна задача во оваа година ќе бидат:

- Создавање позитивна клима во колективот.
- Создавање услови за тимска работа која е неопходна во процесот на секојдневното планирање и работните задачи.
- Јакнење на чувството на сигурност и стабилност на вработените во реализација на работата и работните задачи.
- Непосредна соработка со родителите, кои во установата би партиципирале со своето време, идеи и можностиза изнаоѓање заеднички решенија за успешно остварување на дејноста.
- Непосредна организација на процесот на работа и соработка со одговорните воспитувачи, работниците во администрација и сметководството, вработените по објекти, родителите и другите соработници со кои детската градинка ќе соработува во текот на целата година.
- Непосредна соработка со Советот на родители.
- Непосредносоработка и координација со стручните работници и соработници во рамките на остварување на дејноста.
- Следење и извршување на одлуките на органот на управување.
- Следење и спроведување на нормативната дејност во детската градинка.

- Интензивирање на средби и соработка со Советот на Општина бутел и Градоначалникот со цел да се запознаат со целокупната дејност и помогнат во изнаоѓање можни решенија во разрешувањето на конкретни проблеми и придонесат во рализирањето на потребите од промени во современиот развој на дејноста на градинката.
- Евалуацијана целокупната работа во оваа година ќе биде примарна задача во секојдневното работење на директорот. Со евалуацијата и самоевалуацијата на резултатите и достигнувањата при реализирањето на дадените активности ќе се согледуваат придобивките и навремено ќе се предвидуваат потребите од корекции во работењето и раководењето.

Директорот својата умешност за менаџирање, способност за организирање и координирање на сите процеси во градинката,способност за успешно решавање на проблемите и донесување на соодветни одлуки, ќе ги искористи за организирање, следење и координирање на целокупната дејност во градинката.

## 15. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ

Педагогот, како насочувач и координатор на педагошката работа во установата, оваа година ќе даде свој придонес во реализирање на целите и задачите за предучилишното воспитание и образование, тргнувајќи од современите научни сознанија и конкретните услови, унапредувајќи го воспитно-образовниот процес во склад со целите на Програмата за рано учење и развој.

**Задачи:**

1. Учество во создавање на оптимални услови за развој на децата и реализација на воспитно-образовната работа
2. Следење и поттикнување на севкупниот развој на детето
3. Подршка на воспитувачите во креирањето на програма за работа со деца, понуда на предлози и организација на активности кои го поттикнуваат детскиот развој и напредок
4. Поддршка на воспитувачите во унапредувањето и осовременувањето на воспитно-образовната работа
5. Подршка на родителите во јакнењето на воспитните компетенции и развивање на соработка со нив  по прашања поврзани со едукација на децата
6. Учество во следење и вреднување на воспитно-образовната работа
7. Соработка со институции, локалната самоуправа, стручни организации од значение за работа на установата
8. Самовреднување на сопствената работа и перманентно стручно усовршување, следење на развојот на педагошката наука и пракса.

**Области на работа:**

- **Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа**

- Учество во изработка на програмата за воспитно-образовна работа, план за самовреднување и развоен план на установата
- Учество во изработката на годишниот план за работа на установата (организација и облици на работа – постојани, привремени, посебни, програма за работа на стручните органи и тимови, стручно усовршување,работа на стручните соработници, соработка со семејството, соработка со општествената средина,
- Подготовка на годишни и месечни планови за работа на педагогот
- Помош на воспитувачите во развивањето на воспитно-образовната програма, планирање и документирање на воспитно-образовната работа во група а во склад со развојното ниво на групата и потребите и интересите на децата
- Учество во изработката на ИОП за деца со посебни образовни потреби
- Учество во изборот и конципирањето на посебни и специјализирани програми за работа со деца
- Планирање и организација на работата на предучилишната установа а во соработка со директорот и другите стручни работници
- Планирање и организирање на соработка со други институции
- Учество во формирање на восп. групи и распоред на персонал по групи
- Учество во набавка на стручна литература, дидактички материјал, помошна дидактика, литература за деца, играчки
- Планирање на посети, излети, престој во природа
- Учество во планирање и реализација на културни манифестации, настапи на деца и медиумско преставување

- **Следење и вреднување на воспитно-образовната работа**

- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процескако и развојот и напредокот на децата
- Следење на реализација на воспитно-образовната работа
- Следење на ефикасноста од примена на иновации во воспитно-образовната работа
- Иницирање и учество во истражувасчки активности во насока на унапредување на воспитно-образовната работа
- Следење на реализацијата на поставените стандарди

- **Работа со воспитувачи**

- Помош на воспитувачите во конкретизирање на целите и задачите на воспитно-образовната работа
- Стручна помош на воспитувачите во унапредување на квалитетотна воспитно-образовната работа преку воведување на иновации, како и користење на современи методи и облици на работа
- Учество во естетското и педагошко уредување на просторот во насока на формирање на стимулативна средина
- Соработка со воспитувачите за изработка на дидактички материјал
- Помош на воспитувачите во инплементација на стандардите
- Учество во осмислување на посебните и специјализирани програми

- **Работа со деца**

- Следење на растот и развојот на децата како и идентификувањен а потреби и афинитети и предложување на игри и активности за поттикнување на развојот
- Реализација на нагледни активности во сите групи
- Учество во изработка  и следење на реализацијата на ИОП
- Поддршка на децата од социјално депривирани средини
- Организација и реализација на вонинституционални активности

- **Соработка со родители/старатели**

- Учество на општи и групни родителски состаноци во врска со воспитно-образовниот процес
- Подготовка и реализација на родителски состаноци, трибини, работилници со стручни теми
- Вклучување на родителите во одредени облици на работа и нивна партиципација во сите сегменти на работа на градинката
- Подршка на родителите во работата со деца со потешкотии во учењето
- Соработка со Советот на родители

- **Соработка со директор и стручни соработници :** во рамките на работата на стручните совети, стручните активи и тимови, заедничко планирање на активности и стратешки планови, анализа на извештаи за работа на градинката

- Соработка со директор и стручни соработници во подготовката на извештаи, планови проекти, распоред на работата и сл.
- Соработка со директор и стручни соработници во истражување и решавање на специфични проблеми и потреби на установата

- **Соработка со установи, организации, локална самоуправа**

- **Водење на документација, подготовка за работа и стручно усовршување:**

- Водење на евиденција за сопствена работа на дневно, месечно и годишно ниво
- Водење на Главна книга за работа на установата

- **Сопствено стручно усовршување и професионален развој.**

Работата и работните задачи педагогот на воспитно - образовната установа ги извршува индивидуално, во стручни тимови и со стручни соработници.

## 16. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ

**1. Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во установата;**

- Изготвување на Годишен план и програма за сопствената работа;
- Учество во изготвување на Годишната програма за работа на установата;
- Учество во работата на комисијата за прием на деца;
- Соработка со педагогот во формирање на воспитните групи;
- Соработка со педагогот во планирање на облици и содржини на соработка со родителите на ниво на установа и на ниво на воспитни групи;
- Учество во изработка на месечни планови за воспитно-образовна работа во јаслените групи;
- Предлагање избор на соодветна опрема, дидактички и игровен материјал неопходни за реализација на програмата во воспитните групи;
- Давање стручна помош на воспитувачите при програмирање на воспитно-образовната работа во однос на почитување на психофизичките карактеристики и потреби на децата во конкретна воспитна група;
- Изработка на програма за работа на Советувалиште за деца и родители во рамки на ЈОУДГ 11 Октомври
- Учество во подготвување на сценарија за приредби и прослави ,јавни манифестации и организација на истите;
- Презентација на реализираните проектни активности;

**2. Следење на реализацијата на планот и програмата за воспитно-образовната работа;**

- Следење на одмереноста и прилагоденоста на програмските барања со можностите на децата;
- Следење на примената на материјалите, средствата и методите во работата со децата;
- Следење на интересите, потребите, како интелектуалниот, емоционалниот и социјален развој на децата;
- Анализа на адаптациони и воспитно-образовни проблеми кои можат да се јават во установата и предлагање мерки за нивно надминување;
- Учество во оценување на ефектите на одредени воспитно-образовни активности врз психичкиот живот на децата;

**3. Педагошко-иструктивна работа и соработка со воспитниот и згрижувачкиот тим со цел унапредување на програмата;**

- Давање стручна помош на вработените во креирање услови за правилен развој на децата, за градење на интерперсоналните односи меѓу децата, децата и вработените и вработените и родителите;
- Запознавање на кадарот со најновите сознанија од областа на психологијата преку индивидуални стручни разговори;
- Индивидуално и групно советување на вработените, како дел од планираните активности на Советувалиштето за деца и родители;
- Стручни презентации
- Упатување на стручна литература;

**4 .Воведување на современа технологија, иновација и модернизација на воспитно-образовната работа;**

- Соработка со директорот и педагогот во организирање на оптимални услови за престој на децата, особено во делот внатрешно уредување на објектите и избор на дидактички и игровен материјал;
- Давање инструкции за осовременување на постапките за нега, заштита и воспитно-образовна работа со децата;
- Внесување нови техники, форми и методи на работа со децата;

**5. Следење на развојот и непосредна работа со децата;**

- Следење на социо-емоционалниот развој на децата;
- Идентификување на деца со проблеми во однесувањето и развојот, обработка на истите и соработка со други стручни лица и институции во дијагностиката и третманот на истите;
- Следење на процесот на адаптација на децата на градинката и предлагање мерки за нејзино олеснување;
- Опсервација на однесувањето во игра и пополнување на чек-листа;
- Организирање практични активности за препознавање и именување на емоции, причини за одредени емоционални состојби ,развој на комуникативни вештини за разрешување на истите, градење на позитивна слика за себе и самодоверба

  (Игри и активности-Penny Warner)
- Реализирање на психолошки работилници со децата од големите групи(просоцијални облици на поведение)

- Соработка и консултации со стручни лица за работата со децата кои имаат одредени проблеми,пречки и нарушувања
- Учество во работата на Советувалиштето за деца и родители преку реализирање на индивидуални и семејни советувања;
- Учество во подготвување и уредување на родителското катче со објавување на стручни текстови и упатување на стручналитература;
- Презентирање на стручни теми за родители: „Адаптивни облици на поведение“ и „Дисциплина“

6. **Аналитичка работа во установата;**
7. **Учество во работата на стручните тела и органи во установата;**
8. **Соработка со стручните институции и лица и лично стручно усовршување;**

## 17. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ

**Распоред на работно време:**

Логопедот своите работни задачи и планирани активности ќе ги реализира 5 дена во неделата од 07:30-13:30 часот или вкупно 30 часа неделно со следниот распоред:

| Денови | Објекти | Запишани деца |
|---|---|---|
| **Понеделник** | Бутел 1 | 234 |
| **Вторник** | Чаир | 245 |
| **Среда** | Страшо Пинџур | 145 |
| **Четврток** | Бутел-2 | 147 |
| **Петок** | Т.Караџа 1 и Т.Караџа 2 | 374 |

Поради големиот број на деца во установата, а скратено работно време и неможност за задоволување на потребите и барањата на децата, приоритет во работата ќе дадам на децата со пречки во психофизичкиот развој и деца од големите воспитно-образовни групи.

Исклучок од горенаведениот распоред може да има при посета на обуки, семинари ,стручни совети,учество на конференции и други стручно-научни собири. Учество во комисии како и при подготовки за стручно излагање и вршење на истражувања и анализи.

**Распоред на работни часови:**

**07:30 -09h**. Консултативно-советодавни услуги со родители и воспитно-образовниот и воспитно-згрижувачки кадар

**09 -12h**. Индивидуални и групни логопедски третмани (25-30 минути третман за деца од предучилишна возраст)

**12-13:30h**. Евиденција, планирање и подготовки за следниот ден

**Задачи :**

1. Превенција на говорно-јазични пореметувања
2. Стимулација на говорно- јазичниот развој кога е под ниво и стандард на одговарачка возраст
3. Идентификување на деца со говорно-јазични пореметувања
4. Помош во надминување на постоечките говорно-јазични пореметувања
5. Поддршка и јакнење на компетенциите на воспитно-згрижувачкиот кадар и родителите/старателите на децата упатувајки ги во говорно јазичните проблеми и соработка во спроведување на корекционата постапка
6. Соработка со останатите стручни работници и соработници во насока на обезбедување на оптимални услови на развој на децата со потешкотии во психофизичкиот развој
7. Советодавна и инструктивна работа со родители

**Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во установата;**

- Учество во изработката на годишната програма за работа на установата, плански документи на установата посебно на оние кои се однесуваат на подршка на децата со потешкотии во развојот и нивните семејства
- Подготовка на план за сопствено стручно усовршување и професионален развој

**Соработка со воспитно-образовниот и воспитно-згрижувачки кадар**

- Запознавање на кадарот со говорно-јазичните пореметувања како што се видот, степенот и причините за настанување на пореметувањето како и последиците кои овие пореметувања ги оставаат на севкупниот развој и функционирањето на детето
- Помош и подршка во адаптацијата и работата со деца со потешкотии во вербалната и невербална комуникација
- Помош и подршка во индивидуализација на воспитно-образовната работа
- Соработка и давање на поддршка во следење, вреднување и прилагодување на поставените цели со индивидуалниот план
- Јакнење на компетенциите во областа на комуникацијата и работата во тим со деца кои имаат говорно-јазични потешкотии

**Работа со деца**

- Идентификација,следење и дијагностицирање на деца со потешкотии во говорно-јазичниот развој
- Третман при лесни артикуларни нарушувања –дислалија, поставување и автоматизација на звуци
- Работа со деца со недоволно развиена јазична структура, речник, граматика и синтакса
- Работа со деца кои заостануваат во вербално изразување а како последица од успорен психомоторен развој (болест, лесна ментална попреченост и неадекватни социо-културни фактори, проблеми во обработка на сетилни дразби...)
- Работа со деца со дисфлуентен говор

**Работа со родители, старатели**

- Запознавање на родителите со мојата работа на објективен и за нив разбирлив јазик, давање на подршка во препознавање и разбирање на говорно-јазичните пореметивања и потешкотии, разработка на заеднички стратегии за поуспешно надминување на истите
- Работа со родители старатели на деца со посебни потреби во изработка на ИОП

**Соработка со директор и стручни соработници**

- Работата и работните задачи логопедот ги извршува индивидуално, во стручни тимови и со стручни соработници
- Соработка со директор и стручни соработници во подготовката на извештаи, планови проекти, распоред на работата и сл.
- Соработка со директор и стручни соработници во истражување и решавање на специфични проблеми и потреби на установата

**Соработка со стручни органи и тимови**

- Учество во работата на стручните органи, педагошки колегиуми и тимови кои се формираат за остварување на одредени задачи и проекти а се однесуваат на деца со потешкотии во развојот
- Соработка и размена на информации со стручни соработници во унапредување на воспитно-образовната пракса

**Соработка со надлежни установи, организации, здруженија , локална самоуправа**

- Соработка со други образовни, здраствени и социјални установи значајни за остварување на целите на воспитно-образовната работа
- Соработка со локалната самоуправа и пошироката општествена средина во реализација на воспитно-образовната работа

**Водење на евиденција, подготовка за работа и стручно усовршување**

- Водење на евиденција за сопствената работа,за реализација на планираните активности и работата со деца
- Водење на евиденција од извршени анализи и истражувања
- Собирање и на одговорен начин чување на материјали кои содржат лични податоци за децата
- Стручно усовршување, следење на стручна литература, учество во активности организирани од здруженија кои се бават со проблематиката на децата со потешкотии во развојот; посети и учество на семинари, симпозиуми и други стручни собири.

## 18. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ПО ФИЗИЧКО И МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

Целта на соработниците по физичко и музичко воспитание е реализација и унапредување на посебна област од развојот на децата а во согласност со Програмата за ран развој и учење.

Клучни вредности кои се очекуваат од децата при реализација на активности од овие области се:

1. Физичка компетентност и добра физичка кондиција
2. Активно учество на децата во животната околина која ги опкружува
3. Способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности
4. Развој на креативноста и изразување преку музика

**Задачи:**

- Следење и поттикнување на развојот на детето со акцент на моторниот развој и музичкото изразување
- Поддршка на воспитувачите во креирање на програма за работа со деца, предложување и организирање на активности од областа на физичкото и музичко воспитување
- Поддршка на воспитувачите во унапредување на воспитно-образовната работа
- Соработка со поблиската и пошироката општествена средина како и стручни институции
- Самовреднување и перманентно стручно усовршување

**Области на работа:**

- Планирање и програмирање: учество во изработката на програмата за работа на градинката
- Изработка на сопствени годишни и месечни планови на работа
- Стручна помош на воспитувачите во работата со деца , од обласа на физичкото и музичкото воспитание
- Учество во планирање и реализација на културни, спортски и јавни манифестации
- Планирање и набавка на реквизити, дидактички средства потребни за реализација на активностите

**Следење и вреднување на воспитно-образовната работа:**

- Следење на развојот и напредокот на децата во воспитно-образовниот процес
- Вреднување на реализацијата на воспитно-образовната работа во доменот на физичко и музичко воспитување
- Следење на ефектите од иновативните активности и облиците на работа
- Учество во изработката на Годишниот извештај на ЈОУДГ

**Соработка со воспитувачи:**

- Помош на воспитувачите во реализација на сите видови активности од обласа на физичкото и музичко воспитување

- Работа и соработка со воспитувачите во естетското и функционално уредување на просторот како и создавање на стимулативна средина за учење и развој
- Учество во осмислувањето на посебни и специјализирани програми

**Работа со деца**

- Идентификација на потреби и афинитети кај децата како и предлог на активности за поттикнување на развојот
- Оддржување на нагледни насочени во сите групи
- Учество во реализацијата на ИОП како и поддршка на децата

**Соработка со стручни соработници:заеднички задачи и активности во ЈОУДГ и надвор од неа.**

**Учество во работата на Советите, Активите, тимовите и комисиите во склоп на ЈОУДГ.**

## 19. ТЕКОВНО - ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ

**Објект Чаир:**

- Стружење и лакирање на паркетот во целиот објект
- Замена на надворешната ограда со нова
- Бојадисување на фасада

**Објект Бутел 2:**

- Реализација на првата фаза од проектот "Во различноста сме еднакви"

**Објект Бутел1:**

- Реновирање на занимални во јаслениот оддел

**Страшо Пинџур**

- Реконструкција на фасадата на објектот (енергетски ефикасна фасада)

**Ташко Караџа 1**

- Замена на прозорите и надворешната ПВЦ столарија

**Т.Караџа 2**

- Поставување на климатизери (инвертори)

Во сите објекти ќе бидат поставени соларни колектори за топла вода .

Датум, ВД Директор,

25.09.2018 ___________________________

Скопје Луција Кировска Стефановска